**20242394184**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 ноември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАНЛИВИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕНЕРГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 17/24 и 210/24) во членот 5 ставот (7) се менува и гласи: „Лицата со ниски примања кои ќе се стекнат со потврда-ваучер за купување и вградување на високоефикасен инвертер клима уред имаат право истата да ја искористат за купување на високоефикасен инвертер клима уред најдоцна до 30.11.2024 година, а за вградување на истиот најдоцна до 30.3.2025 година.“

Член 2

Во членот 10 зборовите „до 31 јануари 2025 година’’ се заменуваат со зборовите „до 31 мај 2025 година”.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11828/5
19 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.